**ЗАПИСНИК**
**од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 25.09.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, м-р Горјан Шеќеринов.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 34-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за“ го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.09.2020 година.
2. Предлог за давање одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Разно

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски го одложи усвојувањето на Предлог-записникот од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.09.2020 година, поради немање временска можност истиот да се изработи.

Точка 2

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека оваа точка резултира од точката за промена на Финансискиот план за да може да се спроведе постапка за изработка на Студија за оправданоста за распишување на јавен конкурс за терестријално телевизиско емитување. Износот е претходно утврден со промената на финансискиот план и сега само Планот за јавни набавки ќе се надополни со оваа набавка.

Г-дин Петрушевски објасни дека станува збор за вредност од 423.000,00 илјади денари без ДДВ и затоа не е ставено 500.000,00 илјади. Ако ова се помножи со 18% ДДВ се добива сума од 500.000,00 денари. Доколку се јават повеќе понудувачи, можеби и ќе се намали сумата, и верува дека има услови да се намали на 4-5 илјади евра, се разбира доколку има конкуренција.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде поддршка и искрено се надева дека ќе се јават повеќе конкуренти, не заради тоа што ќе падне цената, туку за да се создаде можност за да се избере најквалитетната понуда, затоа што секогаш тоа носи поголем квалитет.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2020 година, (Пречистен текст) бр.05-460/5 од 06.05.2020 година, со текст како што беше предложен.

Согласно потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, неопходно е постојниот Годишен план за јавни набавки во 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (Пречистен текст) бр.05-460/5 од 06.05.2020 година, да се дополни на следниот начин:

- во Главата II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, по точката 35, се додава една нова точка 36, која ќе гласи:

| Бр | Предмет на договорот за јавна набавка/ рамковната спогодба | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 36 | Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс | септември | услуга | набавка од мала вредност | 423.000,00 |

Редоследот на сите точки што следуваат по ново додадената точка 36, ќе се поместат за еден број погоре.

За горенаведеното предложеното дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-460/3 од 02.04.2020 година, средствата во целост се обезбедени со Финансискиот план за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Службата за јавни набавки да изработи пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата.

**Точка 3**

**Разно**

Г-дин Трајчев објасни дека Советот не одобрува технички спецификации, а со оглед на итноста на завршување и испочитување на рокот од 3 месеци според член 70 став 5 од ЗААВМУ предложи сега да се донесе одлука за одобрување на набавка за изработка на Студија со цел Агенцијата да може веднаш да постапува и да се запазат тие рокови. Објасни дека спецификацијата во материјалите се дава само на увид и таа не е документ по кој што гласа Советот. Бидејќи во овој случај техничката спецификација е непотребна предложи Советот да донесе формална одлука за да почне постапката. Предложи ова да се стави како точка под разно и веднаш да ја изгласаат и со тоа да може и Агенцијата да постапува и да работи.

Г-дин Петрушевски сметаше дека не може на иста седница тоа да се направи.

Г-дин Трајчевски објасни за да почне постапката треба да има нова седница на која што ќе се утврди потреба за да се распише јавната набавка. За да се распише јавната набавка треба и овој изменет план за јавни набавки да се прикачи на Бирото за јавни набавки. Оттука рече дека ниту теоретски, ниту практично, не е возможно тоа да биде направено денес. Посочи дека апсолутно има и време и простор за да се запазат тие 90 дена и нема потреба сега да се прават вакви активности. Доколку имаше можност да се распише јавната набавка и таа точка ќе беше на денешниот дневен ред.

Г-дин Трајчев рече дека останува на неговиот предлог и дека нема потреба да се чека. Тоа одлука што ја носи Советот не е врзана со објавување на Биро за јавни набавки, Планот е веќе одобрен од страна на Советот и може да донесат одлука веднаш.

Г-дин Петрушевски објасни дека Планот за јавни набавки е важечки кога ќе се објави на сајтот на Бирото, до тогаш нема важност. Значи реална законска важност има кога ќе се објави на Бирото, технички процедурата е таква.

Г-дин Трајчев побара пауза за да се прикачи Планот на Бирото за јавни набавки и потоа да гласаат.

Г-дин Петрушевски рече дека не го прифаќа неговиот предлог.

Г-дин Фиданоски рече дека не знае колку време е потребно за таа процедура да заврши. Предложи за да се запазат тие денови кои што преостануваат и што ги спомнал г-дин Трајчев, ако не може на оваа седница тогаш што е можно поскоро да се одржи следната седница за да се остави доволно простор и денови Студијата да се изработи и потоа да биде одобрена од Советот или не одобрена. Во зависност од заклучокот ако даде позитивно мислење ќе се продолжи и со постапка за јавен конкурс.

Г-дин Петрушевски рече дека имаше конкретен предлог од г-дин Трајчев, да се заврши оваа седница, да донесат заклучок, потоа службите да го објават новодонесениот План. Притоа Советот да направи пауза и да се одржи следна, денес трета седница по

ред за да се одобри набавката. Постави прашање до г-дин Трајчевски за да имаат членовите на Советот ориентација колку време би и требало на службата и дали е можно тоа технички да се заврши денес?

Г-дин Трајчевски одговори дека прво треба да се потпишат заклучоците од страна на г-дин Петрушевски и Планот за јавни набавки. Објасни дека таква пракса досега немало и не гледа причина и оправдување зошто би го правеле тоа сега само за оваа јавна набавка. Потсети дека досега во изминатите 5-6 години имало седници на Совет каде што биле распишани јавни набавки и без оглед на тоа што Советот не ги одобрува спецификациите секогаш биле доставувани, само еднаш или два пати се случило да нема спецификација. Оваа набавка е премногу сериозна во однос на резултатите што ќе произлезат од самата Студија. Поради сериозноста на документот рече дека нема потреба сега да се преземаат вакви активности. Може да се случи утре некој од конкурентите да го поништи целиот овој процес, затоа што направиле нешто што било спротивно на Закон. Објасни дека 90 дена се доволни, и апсолутно не гледа причина зошто има потреба тоа да го прават денес. Реално не ни знае колку време ќе им треба на Бирото за јавни набавки, да се овозможи одобрување односно прикачување на измената на Планот за јавни набавки.

Г-дин Петрушевски објасни дека неговото несогласување со предлогот на г-дин Трајчев, не беше дека Советот не се согласува, тој е должен по процедура неговиот предлог да го стави на гласање, но тој ќе гласа против. Предложи да се почека до наредната недела и редовно да ја изгласаат точката. Предлогот на г-дин Трајчев го стави на гласање: кога ќе заврши седницата да се направи пауза...

Г-дин Трајчев го прекина и го коригира дека бара не кога ќе заврши седницата туку тоа да биде во рамки на оваа седница под Точка Разно.

Г-дин Петрушевски рече дека сега уште повеќе не го прифаќа неговиот предлог бидејќи смета дека тоа и по процедура не е исправно.

Г-дин Трајчевски објасни дека ќе треба да се достават и материјали за да може Советот да гласа.

Г-дин Петрушевски праша кој е за предлогот на г-дин Трајчев да под точка разно се додаде изгласување на одобрување на јавната набавка која што се`уште не е објавена и не е ставена на Бирото за јавни набавки на сајтот, со тоа што би направиле пауза и службите би ги информирале кога тоа ќе биде завршено и би им пратиле материјал. Во меѓувреме би ги потпишал сите заклучоци.

Г-дин Фетаи рече бидејќи овој предлог дојде изненадно не би сакал некој паметен предлог од г-дин Трајчев Советот да го исфрли така на брзина. Но рече дека можеби би било добро на следната седница да се усвои тој материјал. По образложението на директорот нема дилеми во таа насока, основното е да не згрешат во чекорите, да не брзаат. Во таа насока е идејата, тоа што сега го предложил г-дин Трајчев, истата работа ќе ја гласаат на идната седница.

Г-дин Трајчев рече дека неговиот предлог бил со оглед на роковите во Законот, исто тоа што претседателот сака да се направи идната недела, да се направи денес.

Г-дин Петрушевски рече дека не се согласува.

Г-дин Фетаи му предложи на г-дин Трајчев да го повлече предлогот за да не биде надгласан.

Г-дин Трајчев рече дека нема проблем со тоа, тоа е демократија и секој има право на свое мислење.

Г-дин Петрушевски потсети дека на почетокот на седницата прашал дали има некој нешто да каже, но г-дин Трајчев тоа го кажал на крајот, не е сигурен дали според Деловник тоа е во ред.

Г-дин Трајчев рече дека не можел претходно да го каже предлогот бидејќи чекал да помине точката.

Г-дин Петрушевски рече дека процедурално не е во право г-дин Трајчев, но сепак предлогот ќе го стави на гласање.

Г-дин Фиданоски сметаше дека г-дин Трајчев процедурално е во право, под точка разно меѓу другото се остава место за да некој постави прашање, да предложи или да се искаже. Затоа се става точка разно, понекогаш, ако има потреба. Од тој аспект мисли дека не погрешил.

Г-дин Петрушевски праша кој е за предлогот на г-дин Трајчев на денешната седница, да се објави Планот за јавни набавки во Бирото, потоа да направат пауза и денес да гласаат?

Г-дин Фиданоски и г-дин Трајчев беа „за“, против беа г-дин Петрушевски и г-дин Ајдини и воздржани г-ѓа Машовиќ, г-дин Фетаи и г-дин Јанчески.

Г-дин Петрушевски констатира дека предлогот на г-дин Трајчев не се усвои.

**Бр. 02-3523/4**
**05.10.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**